АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 42/20), се доставува


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 27.07.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3033 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 24 јуни до 12 јули 2020 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 јули 2020 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да го покриваат изборниот процес, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма. Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери се должни тоа да го прават на пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик."), **а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик** („Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборниот процес во сите облици на изборно медиумско претставување, а националните радиодифузери ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на пристапен и достапен јазик и формат, како и на знаковен јазик, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.").

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување, емитувано на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје во периодот од 24 јуни до 12 јули 2020 година, **констатирано е прекршување на членот 75 став 1 од Изборниот законик**.

Имено, **спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик, радиодифузерот, при известувањето за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2020 година, не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес**

во дневноинформативните и во посебните информативни емисии во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.

Согласно Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, во која е разработен начинот на примена на одредбите од Изборниот законик при мониторингот, **радиодифузерите што одлучиле да го покриваат изборниот процес треба да известуваат за активностите на сите учесници во изборната кампања**, а избалансираноста во известувањето за парламентарни избори да ја остварат така, што **за учесниците во изборната кампања коишто имаат ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници и сличен интензитет на кампања ќе издвојат приближно исто време.**

Важно е да се нагласи дека **од радиодифузерите не се очекува да обезбедат избалансираност** во известувањето за различните политички субјекти **во секоја одделна дневно-информативна емисија или посебна информативна емисија, туку во текот на изборната кампања**[1].

**На Предвремените парламентарни избори 2020 година, имаше 15 (петнаесет) учесници во изборната кампања**, од кои 5 (пет) произлегуваа од партии кои досега беа во парламентот – било како позиција било како опозиција, а останатите учесници беа вонпарламентарни субјекти.

За да се разберат целосно констатациите во врска со известувањето во вестите и оценките за избалансираноста во посебните информативни емисии, **во табелата подолу е даден преглед на бројот на листите на учесниците во изборната кампања:**

***<u>Листи на учесниците во изборната кампања</u>***

| Партија/Коалиција | ИЕ1 | ИЕ2 | ИЕ3 | ИЕ4 | ИЕ5 | ИЕ6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1. ДПА | да | да | да | | да | да |
| 2. Демократи | да | да | да | да | да | да |
| 3. „МОЖЕМЕ“ | да | да | да | да | да | да |
| 4. Левица | да | да | да | да | да | да |
| 5. Алијанса за Албанците и Алтернатива | да | да | да | да | да | да |
| 6. Глас за Македонија | да | да | да | да | да | |
| 7. ГДУ | да | да | да | да | да | |
| 8. Интегра | да | да | да | да | да | да |
| 9. ДУИ | да | да | да | да | да | да |
| 10. СДУ | да | да | да | да | да | |
| 11. Единствена Македонија | да | да | да | да | да | да |
| 12. МОРО – работничка партија | да | да | да | да | да | да |
| 13. „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ | да | да | да | да | да | да |
| 14. Твоја партија | да | да | | | да | |
| 15. Народна партија на Ромите | | да | | | | |

---

[1] Повеќе детали за ова прашање има во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, стр. 5-9, достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/06/%D0%9C%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2020.doc

*Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период од 24 јуни до 12 јули 2020 година, кој го опфаќа периодот на изборната кампања, анализата на изборното медиумско известување во дневноинформативните емисии на ТВ Шења беше спроведена врз вкупно 19 изданија на Вестите во 18 часот и 55 минути.

Вкупното времетраење на анализираните прилози изнесува 6 часа 33 минути и 47 секунди, од кои 3 часа 26 минути и 2 секунди се прилози за изборниот процес за Предвремените парламентарни избори.

За време на изборната кампања, во периодот од 24 јуни до 12 јули 2020 година, ТВ Шења во Вестите од 18 часот и 55 минути, **наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 4 (четири) од вкупно 15 (петнаесет) учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда.**

**Притоа, наместо за сите овие 4 учесници во изборната кампања** (Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, ДУИ, Коалиција Можеме и ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија), **со ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници (по 6 листи), и сличен интензитет на кампања, да издвои приближно исто време во Вестите, известуваше со различен обем. Најмногу време беше отстапено за активностите на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива** – 55 минути и 42 секунди, што е двојно повеќе од времето за партијата ДУИ за која се одвоени 23 минути и 36 секунди. Потоа, според отстапеното време следуваат Коалицијата Можеме со 21 минута и 47 секунди и Коалицијата Обнова на Македонија со 17 минути и 44 секунди. **Воопшто немаше информации за ДПА, ниту пак, за вонпарламентарните партии – учесници во изборната кампања.**

***Застапеност на субјектите во вестите***

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:23:36 | 6.00 | % |
| ДИК | 00:28:09 | 7.15 | % |
| Влада | 01:33:14 | 23.67 | % |
| Претседател | 00:02:14 | 0.57 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:32 | 1.15 | % |
| Други субјекти | 00:20:10 | 5.12 | % |
| Без субјекти | 00:15:30 | 3.94 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:14 | 3.61 | % |
| Јавно обвинителство | 00:06:19 | 1.60 | % |
| Судство | 00:09:12 | 2.33 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:57 | 4.56 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:36 | 4.47 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:54 | 4.55 | % |
| Коментар/осврт | 00:25:21 | 6.44 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:02:37 | 0.66 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива | 00:55:42 | 14.15 | % |
| Коалиција МОЖЕМЕ | 00:21:47 | 5.53 | % |
| Коалиција ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА | 00:17:44 | 4.50 | % |
| | **Вкупно = 06:33:47** | 100 | % |

Со мониторингот на изборното медиумско претставување се следат и директните обраќања (емитуваните тонски записи од изјавите). Овој податок преку квантитетот којшто го покажува времето коешто било издвоено за изјави на учесниците во изборната кампања, всушност говори за квалитет (за односот на медиумот кон субјектите во смисла на можноста публиката директно, преку тонски запис да ги чуе нивните изјави). **Структурата на директните обраќања во анализираните изданија на Вестите, покажува дека ТВ Шења, одвоила различно време и за тонските изјави на учесниците во изборната кампања. Најмногу директни обраќања им се овозможени на претставниците на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива (двојно повеќе отколку за второзастапената ДУИ, а потоа следат останатите).**

***Структура на директни обраќања***

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:13:09 | 13.76 | % |
| ДИК | 00:06:04 | 6.35 | % |
| Влада | 00:11:09 | 11.66 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:32 | 1.60 | % |
| Други субјекти | 00:01:07 | 1.17 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:31 | 2.63 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:23 | 0.40 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:43 | 3.89 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:44 | 7.04 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:43 | 1.80 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:00:23 | 0.40 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива | 00:26:17 | 27.49 | % |
| Коалиција МОЖЕМЕ | 00:11:12 | 11.72 | % |
| Коалиција ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА | 00:09:39 | 10.09 | % |
| | **Вкупно = 01:35:36** | **100** | **%** |

Согласно Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, **баласот во известувањето има два аспекти: *квантитативен* (обемот на времето што им се доделува на учесниците во изборната кампања), и *квалитативен* (начинот на кој тие се претставени).**

**Еден од квалитативните показатели за балансот во известувањето е рамката (врамувањето) во која се информира за одреден субјект**, а којашто говори за контекстот на известувањето. **Поимот за 'врамувањето' не е поврзан со вистинитоста или невистинитоста на контекстот, туку со светлината што тој контекст ја фрла врз субјектот. Ако за некој политички субјект почесто се известува во проблематичен контекст, тоа може да укажува на намера субјектот да ѝ се претстави на јавноста во негативен контекст**[2].

[2] Повеќе детали за ова прашање има во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, стр. 8, достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/06/%D0%9C%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2020.doc

Телевизијата освен што не обезбеди квантитативна избалансираност во известувањето за изборната кампања во согласност со барањата од Изборниот законик, покажа и квалитативна разлика при медиумското покривање на учесниците во кампањата.

**Емитуваше повеќе прилози - коментари/осврти, во траење од 25 минути и 21 секунда, кои се критички насочени кон еден од учесниците во кампањата - владејачката партија ДУИ поради неисполнети ветувања.**

Некои такви примери се:

Во најавата на прилогот: ***ДУИ во секој изборен циклус ги повторува истите ветувања***, емитуван на **30 јуни** (18:56:27-19:03:17), се вели: „Еднаков буџет за сите, еднаков регионален развој се само дел од ветувањата што ДУИ ги пренесува од една во друга изборна програма и од едниот во другиот изборен циклус. Многуте од овие ветувања беа и во изборната програма од 2014 година кога ветувањата стигнаа износ од 2 милијарди евра инвестиции. Многу од овие ветувања не се исполнети." Во продолжение медиумот емитува хроника од 2016 со потсетување на ветувањата на ДУИ дадени во предизборната кампања во 2014 година. На крајот завршува со потсетување дека „наместо да сноси одговорност за неисполнетите ветувања, денес Али Ахмети бара нов четири годишен полн мандат за да ги исполни ветувањата".

Во прилогот емитуван на **1 јули**: ***ДУИ ги брише програмите и вестите од претходните избори*** (18:59:42-19:04:18), се вели: „во досегашните предизборни циклуси ДУИ постојано дава исти ветувања, но кога се на ред наредните избори, партијата на власт се труди да ги избегне обвинувањата дека ги повторува ветувањата од претходните избори. Од службената веб страна на ДУИ и социјалните мрежи е избришана предизборната програма од 2016 година, како и сите предизборни програми од претходните избори". Се пренесува изјава на Артан Груби во која тој вели „оценувам дека голем дел ветувања што ги дадовме во нашата предизборна програма во 2016 г., се исполнети". Медиумот завршува со потсетување дека ДУИ има и постари ветувања кои ги нема исполнето. „ДУИ во 2014 г. вети 2 милијарди евра инвестиција, изградбата на патот „Арбери" и патот Тетово -Призрен".

Во прилогот на **3 јули, *ДУИ веќе 9 години, ветува изградба на патот Тетово-Призрен*** (18:56:10 – 18:59:06), во најавата, меѓу другото, се вели: „има 9 години и 6 изборни процеси, било тоа да се парламентарни или локални, каде партијата на Али Ахмети ветува изградба на патот Тетово-Призрен. Овој пат не е единствениот проект ветуван од страна на ДУИ од пред една деценија, такви има многу. Со истите ветувања ДУИ помина неколку изборни циклуси". Потоа медиумот вели „и во овие избори кандидатот за пратеник од ДУИ во ИЕ 6 во едно промотивно видео, повторно го ветува овој проект. Потоа, ги има наведено и придобивките кои ќе ги донесе овој пат ако некогаш биде изграден". Следува снимка од платено политичко рекламирање во која се обраќа Бајрам Реџепи, кандидат за пратеник од ДУИ во ИЕ 6. Потоа медиумот продолжува „денеска ДУИ од нивната службена веб страна и социјалните мрежи ги избриша сите предизборни програми од претходните избори. ТВ Шења обезбеди електронска копија од програмата од 2011 година каде и пред 9 години децидно беше ветен патот Тетово-Призрен". „Овој проект беше едно од ветувањата на актуелната градоначалничка на Општина Тетово во 2013 година". Следува исечок од прес-конференцијата на Теута Арифи. Медиумот завршува со потсетување дека „ДУИ патот Тетово-Призрен не го вети само во 2011 година и 2013 година, туку и во парламентарните избори во 2014 г. и 2016 г., локалните избори во 2017 г. и сега во парламентарните на 15 јули 2020 година. Освен патот Тетово - Призрен, ДУИ има уште многу други проекти кој ги пренесува од претходните изборни програми во актуелната изборна програма за парламентарните избори, а кои веќе беа неколкупати ветени, но не успеаја досега да ги реализираат".

На **7 јули**, беше актуелизирана темата ***Гимназијата во Куманово со бедни услови*** (18:55:58 - 19:00:46). Во најавата се вели: „Учениците Албанци од двете училишта во Куманово се гушат во еден објект со бедни услови. Граѓаните се жалат за скршени прозори, уништени подови, паднати плафони и санитарно-хигиенски услови кои се во мизерна состојба. Функционерите на ДУИ кои се на власт со години, пред секоја

предизборна кампања ветуваат дека ќе најдат решение, но досега не е направен ниеден конкретен чекор". Потоа медиумот вели „пред 5 години, поранешниот министер за локална самоуправа Лирим Шабани вети формирање комисија која ќе спреми брза дислокација на Гимназијата „Сами Фраш'ри" од овој објект. Шабани вети дека комисијата е должна да најде итно решение". Се пренесува директното обраќање на поранешниот министер за локална самоуправа Лирим Шабани. Потоа медиумот продолжува „локалните и високите функционери ветуваа дека Гимназијата ќе биде трансферирана во објектот на градската касарна, но во 2017 година, Сафет Незири се оправда дека процесот се одолговлекува од страна на Министерството за одбрана". Следува изјава на Сафет Незири. Медиумот продолжува „министерот за образование и наука Арбер Адеми, во 2018 година, вети дека ќе се преземат сите мерки за да се обезбеди објект што ќе ги исполнува сите стандарди". Следува изјава на Арбер Адеми. Медиумот завршува со потсетување дека и по 2 години учениците на Гимназијата „Сами Фраш'ри" во Куманово сè уште немаат нов објект и продолжуваат да учат во мизерни услови. Додека министерот за образование и наука Арбер Адеми, кој на овие избори е носител на листа за пратеник од ДУИ во ИЕ 2 каде е опфатено Куманово, сè уште не донел ниедно конкретно решение за да се реши овој проблем".

Во најавата на прилогот ***Партијата во власт и по 9 години не исполни ниту половина од ветувањата***, емитуван на **8 јули** (18:55:54 – 19:00:03) се вели: „Албанската партија на власт, и по 9 години не исполни ниту половина од ветувањата. Од осумнаесет ветувања само четири се исполнети во текот на овие 9 години. Но, голем дел од овие ветувања продолжуваат да бидат ветувани и во оваа предизборна кампања. Во меѓувреме ДУИ од нивната службена веб страна и социјалните мрежи ги избриша сите предизборни програми од претходните избори, но печатена копија и онлајн копии останале во архивите на медиумите". Во продолжение на прилогот ТВ Шења објавува дел од изборната програма на ДУИ во 2011 г. што се однесува на Скопје.

Во прилогот емитуван на **9 јули**: ***Предизборната програма на ДУИ веќе 9 години останува иста*** (18:55:57-18:57:59), се вели: „Предизборната програма на ДУИ веќе 9 години останува иста. Проектите кои се ветени во изборите од 2011 година сè уште не се реализирани. Од патот „Арбери" не е инвестирана ни буквата „А"". Во прилогот, ТВ Шења ги наведува нереализираните проекти на ДУИ за инвестиции во Југозападниот регион, кој ги опфаќа општините Кичево, Дебар и Струга и регионот на Скопје.

**Медиумите како коректив на власта имаат легитимно право да ја критикуваат Владата и партиите од власта за начинот на кој работат, меѓутоа обемот и зачестеноста на ваквите прилози во периодот на кампањата, му даваат на известувањето за оваа партија негативна рамка.**

***Посебни информативни емисии***

**Во посебните информативни емисии кои им овозможуваат на граѓаните директно да ги споредат учесниците во кампањата и директно да добијат сознанија за нивните понуди, Телевизијата обезбеди пристап само на претставници од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, со што не го почитуваше принципот на пропорционалност според бројот на кандидатски листи за обезбедување избалансираност. Дополнително, овие емисии беа повеќепати репризирани.**

Во продолжение е даден преглед на емитуваните посебни информативни емисии реализирани како интервјуа и дебати.

*Интервјуа*

Во текот на изборната кампања, на програмата на ТВ Шења беа реализирани две интервјуа со учесници на изборната кампања во емисијата „ЕНТЕР ИЗБОРИ 2020". Станува збор за разговори само со претставници на Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива (во два случаи е наведено дека бил поканет и друг соговорник, но не одговорил на поканата). Едната од емисиите била замислена како дебата, но другиот соговорник не се одзвал на поканата.

- На 8 јули беше премиерата на интервјуто со Зијадин Села од Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, на тема: Парламентарни избори 2020, кое имаше 3 репризи. Водителот нагласи дека емисијата била замислена како дебата, но оти Али Ахмети од ДУИ не одговорил на поканата;

- На 10 јули беше реализирано интервју во врска со различни аспекти на парламентарните избори со Африм Гаши, исто така, од Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, кое имаше 2 репризи.

*Дебати*

Во извештајниот период, во рамки на емисијата „ЕНТЕР ИЗБОРИ 2020" на тема Парламентарни избори 2020 реализирани беа 6 дебати. Пет од дебатите беа конципирани така што претставник на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, дебатираше со други субјекти, а во една учествуваа други субјекти.

- На 24 јуни, *Скендер Реџепи*-Зејди од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива дебатираше со аналитичарите *Мерсел Билали* и Ѓиле Челику. Емисијата имаше 3 репризи;

- На 26 јуни, во дебатата учествуваа Арбен Таравари од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива и аналитичарите Блерим Хисени и Ѓиле Челику (2 репризи,). Во оваа емисија беше наведено дека била упатена покана и до претседателот на ДУИ Али Ахмети, но тој не одговорил;

- На 29 јуни, дебатираа Хисни Исмаили, министер за култура и претставник на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, Ѓиле Челику-аналитичар и Исмет Рамадани-глумец. Теми на емисијата, којашто имаше 2 репризи, беа Министерство за култура, културата и политиката, што планира Алтернатива да направи за културата во следниот мандат;

- На 1 јули дебатираа Зеќирја Ибраими од Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, Исмет Рамадани- аналитичар и Арианит Џафери- активист (2 репризи);

- На 3 јули Ремзи Мемеди од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива дебатираше со аналитичарот Ѓиле Челику и новинарот Беџамин Арифи (2 репризи);

- Последната дебата, одржана на 6 јули (со 2 репризи) беше без учество на политичари, односно во неа за кампањите на политичките партии говореа Сефер Тахири-аналитичар, Насер Селмани-новинар и Роберт Мислими-публицист.

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка 6 од Изборниот законик, **Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје**, на својот програмски сервис емитуван на национално ниво, **за време на изборната кампања од 24 јуни до 12 јули 2020 година**:

- Во вкупно 19 (деветнаесте) дневноинформативни изданија на Вестите во 18 часот и 55 минути, **наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 4 (четири) од вкупно 15 (петнаесет) учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда. Воопшто не информираше за ДПА, ниту пак, за вонпарламентарните партии – учесници во изборната кампања.**

  **Притоа, наместо за сите овие 4 учесници во изборната кампања** (Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, ДУИ, Коалиција Можеме и ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија), **со ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници (по 6 листи), и сличен интензитет на кампања, да издвои приближно исто време во Вестите, известуваше со различен обем. Најмногу време беше отстапено за активностите на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива.**

  Исто така, **одвои различно време и за директни обраќања** (тонски изјави) на учесниците во изборната кампања. **Најмногу директни обраќања им се овозможени на претставниците на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива** (двојно повеќе отколку за второзастапената ДУИ, а потоа следат останатите).

  Освен што не обезбеди квантитативна избалансираност во известувањето за изборната кампања во согласност со барањата од Изборниот законик, **покажа и квалитативна разлика при медиумското покривање на учесниците во кампањата.** Емитуваше повеќе прилози - коментари/осврти, во траење од 25 минути и 21 секунда, критички насочени кон еден од учесниците во кампањата - владејачката партија ДУИ, **кои со обемот и зачестеноста во периодот на кампањата, му даваат на известувањето за оваа партија негативна рамка.**

- **Во посебните информативни емисии пак**, реализирани како интервјуа и дебати, и повеќепати репризирани, **обезбеди пристап само на претставници од Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива.**

**Со што не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.**

**8. Предлог-мерка:**

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје.

***Сектор за програмски работи***